МQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-2383/2

17-11-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот ----------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжение на 41-та седница одржана на 12.11.2020 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-3980/1 од 21.08.2019 година оформен по пријавата поднесена од подносителот --------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12- 3980/1 од 21.08.2019 година од причина што наводите не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на приајвата да се достави Одлука со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложениeто, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12- 3980/1 од 21.08.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот --------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за сторени незаконитости во постапката за денационализација на недвижен имот -деловен простор во површина од 100м2 и магацин од 50м2 кој се наоѓа на КП 6869/16 (нов број 9810/1 имотен лист 4040 и 3686) КО Центар 1 Скопје, која постапка била поведена по поднесено Барање за денационализација во Општина Центар - Скопје од барателите ----------------------------------. Во пријавата се наведува дека Комисијата за денационализација со седиште во општина Центар, Скопје донела Решение Дн.бр.17-08-2606/9 од 28.04.2003 година со кое барањето било уважено и било вратен во сопственост на барателите дуќан-деловна просторија од 83,48 м2 на улица "Партизанска" бр.8 и ул."Дебарца" бр.33-агол во Скопје на по идеална чевртина. Против Решението на Второстепената комисија за денационализација со бр. 47-19384 (1836) од 07.12.2004 година барателите завеле управен спор пред Врховен суд кој донел Пресуда со кое било поништено Решението на споменатата комисија.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет, ДКСК со Барање за прибирање податоци и иноформации со број 12- 3980/2 од 07.05.2020 година од Управата за имотно правни работи Центар да достави целосна информација за тоа дали поведената постапка за денационализација на недвижен имот-деловен простор во површина од 100м2 и магацин од 50 м2 кој се наоѓа на КП 6869/16 (нов број 9810/1) КО Центар 1 Скопје по поднесено Барање за денационализација во Општина Центар - Скопје од барателите -------------------------, --------------------------- е завршена, дали е донесено конечно и извршено Решение по конкретниот предмет и доколку е донесено копие од истото да се достави во прилог на информацијата.

Во законски утврдениот рок беше доставен бараниот одговор од Управата за имотно правни работи Центар.

При разгледување на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки го утврди следното:

Барателите ------------------------------, поднеле Барање за денационализација до Комисијата за денационализација во Општина Центар кое е заведено под ДН.бр.17-08-260/1 (290) од 11.06.2001 година. Во барањето барателите навеле дека од нивниот правен претходник -----------------, а во корист на државата бил одземен недвижен имот што претставува дуќан-деловна просторија во површина од 100 м2 и магацин во површина од 50 м2 на КП.бр.6869 /16 КО Скопје.

Постапувајќи по Барањето за денационализација, Комисијата за денационализација донела Решение ДН бр. 17-08-260/1 од 29.04.2003 година со кое барањето на барателите било уважено на начин што им бил вратен во сопственост недвижниот имот што претставува дуќан - деловна просторија од 83,48 м2 на КП бр. 6969/16 КО Скопје и магацин во приземје во површина од 42,30 м2 на КП 6869/20 КО Скопје сега 3/10 идеален дел од КП бр. 9810/1 КО Центар 1. Со истото решение барателите биле задолжени да платат надомест за имотот кои им се враќа во износ од 329.398,00 ден.

Решението станало правосилно на 19.06.2003 година. Оттука произлегува дека поведена е постапката за денационализација на недвижниот имот и истата е завршена со правосилно решение.

Против решението на второстепениот орган бр. 47-19384 од 07.12.2004 година барателите завеле управен спор пред Врховниот суд кој со Пресуда го поништил решението на споменатата комисија.

Лицето ---------------- побарало да се приклучи кон Барањето за денационализација ДН.бр.17-08-260/1 (290) од 11.06.2001 година со поднесоци од 23.07.2001 година и 30.07.2001 година со можност да го откупи имотот кој е национализиран. Ваквото барање Комисијата за денационализација го отфрлила со Заклучок ДН.бр.17-08-260/2 (290) од 21.10.2002 година, кој по изјавена тужба поднесена од лицето --------------------че е потврден со Пресуда У.бр.3252/2007 од 26.06.2008 година на Управниот суд.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, а со оглед дека постапката по барањето за денационализација е правосилно завршена и со оглед дека се искористени сите правни средства од лицето ---------------------, овој предмет е архивиран во Архивата на Одделението за имотно правни работи во Центар.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапувал надлежен орган кој согласно своите законски надлежности ја утврдил фактичката состојба и донел одлука согласно закон. Против донесената одлука незадоволната страна ги искористила сите правни средства што и биле на располагање согласно закон со цел заштита и остварување на своите имотни права. Оттаму, ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени и нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**